Врз основа на член 36 став (7) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА РИБОЧУВАР, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗАШТИТАТА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата за рибочувар, начинот на нејзиното издавање и одземање, како и начинот на вршење на заштитата.

## Член 2

(1) Образецот на легитимацијата за рибочувар се печати на хартија во црвена боја со димензии 9,0 x 6,0 см заштитена со пластична фолија.

(2) Формата и содржината на Образецот на легитимацијата за рибочувар се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Легитимацијата за рибочувар се издава од страна на корисникот на рибите и другите водни организми (во понатамошниот текст: корисникот) на вработеното лице како рибочувар.

## Член 4

Легитимацијата за рибочувар се одзема од страна на корисникот, во случај кога на рибочуварот му престанал работниот однос или престанал да важи договорот за користење на рибите, од страна на корисникот на рибите за вршење комерцијален риболов.

## Член 5

(1) Доколку рибочуварот ја изгуби легитимација за рибочувар, за истото писмено го известува корисникот на рибите за вршење комерцијален риболов во рок од три дена и ја огласува легитимацијата за неважечка во „Службен весник на Република Северна Македонија” на сопствен трошок.

(2) Во случајот од став (1) на овој член на рибочуварот му се издава нова легитимација од страна на корисникот.

(3) Легитимацијата за рибочувар може да се замени од страна на корисникот доколку стане неупотреблива поради оштетување или во случај да треба да се изврши измена на податоците кои ги содржи.

Член 6

(1) Заштитата на рибите и другите водни организми се врши согласно мерки и активности за заштита на риболовната вода и организација на рибочуварската служба.

(2) Бројот на рибочувари потребен за вршење на физичката заштите на одделна риболовна или рекреативна зона (ревир) е утврден во риболовната основа за управување и користење на рибите и другите водни организми.

(3) Покрај вршењето на физичката заштита, рибочуварите треба да ја следат состојбата на водата со цел заштита од загадување на водата или можен помор на рибите и другите водни организми.

(4) Рибочуварот при вршењето на заштитата треба да носи соодветна униформа која ја определува корисникот, а за извршените активностите на риболовната вода води Дневник за работа.

Член 7

(1) При вршење на заштитата, пред да побара идентификација на лицата кои ги затекнува на и покрај риболовната вода, рибочуварот треба да се легитимира.

(2) Доколку при вршење на заштита рибочуварот затекне лица кои ловат риба од брег или пловен објект, како и лица кои се наоѓаат во непосредна близина на риболовната вода, на истите им проверува легитимација и дозвола за вршење рекреативен риболов, им врши преглед на риболовните средства и уловената риба, како и преглед на и во превозното средство со кое дошле до риболовната вода.

(3) Доколку рибочуварот при вршење на рибочуварската служба утврди дека лицето врши риболов спротивно на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура(*) составува записник и привремено ги одзема риболовни средства и/или другите средства наменети за риболов, како и уловените риби. На лицето од кое се одземени риболовните средства и/или другите средства наменети за риболов, рибочуварот му издава Потврда за привремено одземање. Во рок од пет дена од денот на утврдување на неправилноста, рибочуварот до Државниот инспекторат за земјоделство поднесува Пријава за сторен прекршок во чиј прилог ги доставува Записникот за извршена контрола, Потврдата за привремено одземање и одземените риболовни средства и/или другите средства наменети за риболов.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на рибочуварската служба, формата и содржината

на легитимацијата за рибочувар, како и начинот на нејзиното давање и одземање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/08).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Број 33-2708/3
29 октомври 2025 година

Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,

Цветан Трипуновски

Прилог

ОБРАЗЕЦ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА РИБОЧУВАР

Предна страна

## ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА РИБОЧУВАР

фотографија

______________________________

(име и презиме)

______________________________

(број на уверение за положен испит за рибочувар и датум на издавање)

_______________

(евидентен број)

Задна страна

**Носителот на оваа легитимација има овластувања утврдени со Законот за рибарство и аквакултура**

______________________________

______________________________

(назив и седиште на корисник)

______________________________

(риболовна/рекреативна зона)

_______________

(датум на издавање)

_______________

(потпис на одговорно лице)

м.п.